РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Су.бр.164/2020
06.02.2020 година
ШТИП

Врз основа на чл.88 од Законот за судовите (Сл. Весник на РМ бр.58/06), чл.142 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/14 од 04.03.2014 година) и Актот за описот за звањата на судските службеници во судовите во Република Македонија донесен од Советот за судска служба (СССбр. 6/11 од 21.01.2011 година), Претседателот на Апелациониот суд Штип, Наке Георгиев, на ден 06.02.2020 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ШТИП

## Општи одредби

чл.1

Со овој правилник се уредува внатрешната организација на Апелациониот суд Штип, со цел непречено остварување на целите и функциите на судството определени во чл.3 од Законот за судовите, како и навремено и уредно вршење на работите во судот.

чл.2

Апелациониот суд Штип е основан за подрачјето за Основните судови во Штип, Струмица, Радовиш, Свети Николе, Кочани, Виница, Берово и Делчево.

чл.3

Согласно чл.33 од Законот за судовите, Апелациониот суд Штип е надлежен да:

1.решава по жалбите против одлуките на Основните судови;

2.решава за судир на надлежност мегу Основните судови од своето подрачје;

3.врши работи определени со Закон.

чл.4

Во Апелациониот суд во Штип според одлука на Судски совет се предвидени 16 судии, заедно со претседателот на судот.

Од редот на судиите се избира Претседателот на судот во постапка утврдена со Закон.

За остварување на утврдените работи и работните задачи според организационата поставеност и Правилникот за систематизација на работните места во Апелациониот суд Штип се определени 16 судии

заедно со претседателот, 67 судски службеници, 10 - судска полиција и 5 вработени според ЗРО.

## I Судска управа

чл.5

Надлежноста од судската управа ја извршува Претседателот на судот, судскиот администратор, советник за односи со јавноста и самостоен судски референт-Техничкиот секретар на Претседателот на Судот.

Во судската управа се водат уписниците: Су, Су-Дов, Су-Стр-Дов, Су-Изз, СПИ и УПП.

## II Кривичен оддел и граѓански оддел

чл.6

Во Апелациониот суд во Штип се формираат три оддела: Кривичен оддел, Граѓански оддел и Оддел за судска пракса.

Со судскиот оддел раководи Претседателот на судскиот оддел, кој се определува со годишниот распоред на работата.

Во кривичниот оддел се решаваат предметите: Кж; Кжм; Ксж, Пркж; и Кр.

Во граѓанскиот оддел се решаваат предметите: Гж; Тсж; Рож и Р.

чл. 7

Во кривичниот оддел се предвидени 6 судии (во два совета), од кои 1 судија е Претседател на кривичен оддел и 2 судии Претседатели на совети, 1 стручен судски службеник- раководител на кривичен оддел и 10 стручни судски службеници, како и помошно-стручни судски службеници-судски референти - дактилографи, чиј што број се определува со годишниот распоред на работа.

Во граѓанскиот оддел се предвидени 9 судии (во три совета), од кои 1 судија е Претседател на граѓански оддел и 3 судии Претседатели на совети, 1 стручен судски службеник-раководител на граѓански оддел и 15 стручни судски службеници, како и помошно-стручни судски службеници-судски референти–дактилографи,чиј што број се определува со годишниот распоред на работа.

## III Оддел за судска пракса

чл.8

Одделот за судска пракса е надлежен да изготвува сентеции за билтен на судот за унифицирање на судска пракса на Апелациониот суд и унифицирање на судската пракса на Основните судови на своето подрачје.

Во одделот за судска пракса, покрај тоа што се распоредени во кривичен и граѓански оддел, се распоредуваат: Претседателот на судот,

претседателите на одделите и претседателите на советите, двајца судии и двајца стручни судски службеници, определени со годишниот распоред за работа.

**IV Одделение за материјално финансиско работење**

чл.9

За извршување на сметководствено финансиските работи се предвидени 5 извршители и тоа 1 Раководител на одделение, 1 советник-финансов аналитичар, 1 одговорен сметководител – самостоен референт, 1 благајник и материјален книговодител – самостоен референт. Овие работници се должни да ги извршуваат работите опишани со Правилникот за систематизација на работните места.

**V Одделение за информатика**

чл.10

За уредно функционирање на информатичкиот систем во Апелациониот суд во Штип се формира Одделение за информатика.

Во одделението за информатика се предвидени 3 извршители и тоа 1Раководител на одделение и 2 советника - информатичари.

**VI Одделение за човечки ресурси**

чл.11

За работите поврзани со човечките ресурси се формира одделение за човечки ресурси. Раководителот на одделението за човечки ресурси ги извршува работните задачи од чл. 7 од Правилникот за систематизација.

**VII Стручни судски службеници**

чл.12

За успешно извршување на работата од надлежноста на Апелациониот суд Штип согласно Правилникот за систематизација на работните места на Апелациониот суд Штип се предвидени: 1 раководител на граѓански оддел, 1 раководител на кривичен оддел, 3 Судски советника, 10 Виши судски соработника, 7 судски соработници и 5 помлади судски соработници.

Стручните судски службеници се распоредуваат по оддели согласно годишниот распоред на работа.

**VIII Судска писарница**

чл.13

За извршување на работите во судската писарница се предвидени 3 извршители и тоа 2 самостојни судски референти – водители на

писарница( кривичен и граѓански оддел) и 1 самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта и архивар.

**VIII Дактилобиро**

чл.14

За успешно извршување на судската функција на Апелациониот суд Штип се предвидени: 1 координатор на дактилобиро –самостоен судски референт и 22 извршители судски референти-- дактилографи. Дактилографите на судии се распоредуваат во 2 дактолобироа и тоа едно во Кривичниот оддел и едно во Граѓанскиот оддел, согласно годишниот распоред за работа.

**IX Доставувачи**

чл.15

За вршење на доставата во Апелациониот суд Штип се предвиден 2 извршитела и тоа: помлад судски референт-доставувач и курир.

**X Одржување на возниот парк**

чл.16

За одржување на возниот парк се предвиден 2 извршители и тоа: 1 виш судски референт-координатор на техничка служба и 1 возач.

**XI Одржување на судската зграда**

чл.17

За одржување на хигиената во Апелациониот суд во Штип се предвидени: 1 виш судски референт – одговорен за одржување на судската зграда, 2 одржувачи на хигиена и 1 кафе кувар.

**XII Обезбедување на судска зграда- Судска полиција**

чл. 18

Предвидени се и 1 командир на судската полиција, 1 заменик командир на судската полиција и 1 координатор на судската полиција. За обезбедување на судската зграда, имотот и лицата се предвидени 7 припадници на судската полиција.

чл. 19

Овој правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Претседател на судот,
Наке Георгиев с.р.